РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-11
15.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Д

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

Врз основа на наводите од Вашата претставка (УП бр. 03 – 11, од 1 јуни 2026 г.), беше направена анализа врз трите изданија од ТВ Дневикот на МРТ2 - Вториот канал на ЈРС Македонска радио-телевизија, од 31 мај 2026 година, емитувани во програмските периоди - од 16, 19 и од 22 часот.

Не беше најден прекршок на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) во врска со потенцијално „скриено рекламирање“ за услугите на туристичката агенција „Саватурс“, наводно вметнато во новинарски прилог.

Врз основа на дефинициите од точките 5 и 9, во членот 3 од ЗААВМУ –за „аудиовизуелна комерцијална комуникација“ и за – „реклама“ – анализата покажа дека емитуваниот новинарски прилог не е – ниту „*форма на огласување*“, ниту, пак, претставува „*директна или индиректна промоција на стоки, услуги или на имиџ на физичко или на правно лице што врши економска активност*“.

Новинарскиот прилог емитуван во ТВ дневниците, трае 2 минути и 48 секунди, темата му е дадена во насловот: „*Летните одмори, голема желба, мала можност*“, а во структурата опфаќа и изјави на случајно затекнати граѓани и општа споредба на услови за летување во преферирани туристички дестинации. Освен брендираното знаменце на туристичката агенција „Саватурс“, што е вообичаен декор на работно биро, а кое во прилогот емитуван на Телевизијата е покриено со телоп – на никаков друг вербален или визуелен начин фирмата (логото/трговската марка) не е посебно промотивно нагласена. Содржински, пак, кусата изјава на претставничката на туристичката агенција не е промоција на нивните аранжмани, туку е апел за повишена внимателност при изборот на патувањата, поради тековните предизвици од глобалната безбедносна ситуација (цитати, во целост):

- „*Најбараните аранжмани ова лето несомнено се директните дестинации, бидејќи нашите клиенти сакаат што побрзо да пристигнат до посакуваната дестинација, како и пакетите со услуга ultra all inclusive.*

*Што се однесува на клиентите од Северна Македонија, најпопуларни дестинации се Анталија, Хургада и Бодрум;*

- *Со оглед на актуелната глобална ситуација, ја разбирам загриженоста на клиентите и на граѓаните воопшто, бидејќи ова е период што не е најповолен. Сепак, ние постојано сме во контакт со надлежните органи и релевантните институции, кои ни гарантираат дека патувањата се реализираат на најбезбеден можен начин.“*

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
* СКОПЈЕ / SHKUP *